**БАРАЊЕ 23-6397**

1. Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за периодот од 2018-2023 година?
   - Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано.Бараните податоци поделете ги за секоја година одделно.
   - Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.

2. Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ги ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?
   - Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планираните нови документи каде би ја вклучиле

3. Дали општината има аплицирано на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит бр:8902-МК)?
   - Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација.
   - Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик и во кој износ?
   - Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.

4. Колку средства од буџетот на општината се наменети и доделени на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство? Ве молиме податоците поделете ги по година одделно за 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година, име на организација која добила средства, наслов на проект, висина на доделена финансиска поддршка и постигнати резултати.

**ОДГОВОР 23-6397**

1. Во 2021 година Комисијата за еднакви можности го одбележа меѓународниот ден за поддршка на жртвите од насилство. Се одржа панел дисусија на тема „Стоп за насилство" а панелисти беа координаторката за еднакви можности, претседателката на Комисијата, а гостинка беше психолог од Центарот за социјална работа Христина Анѓелкова која го образложи законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Во прилог ви доставувам линк од фб профилот на Комисијата за еднакви можности каде се објавуваат активностите кои се реализираат и видео од локален медиум .

https://www.facebook.com/profile.php?id=100082294573195&mibextid=ZbWKwL
http://rtk.mk/kavadarci/6623-video--stop-za-nasilstvoto

Во 2022 година за време на кампањата „16 дена активизам за борба против насилство врз жените” се изработи мурал во центарот на градот на ѕид каде има голема фрекфенција на луѓе и има за цел да ја подигне свеста кај населението за да спречат насилство.

https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0Yfq3tSoFqYcjj8yFqq1LJ3Dc5Y6hZT4M4TChsoVYkpc3DNtqKQtK2Y4pMNVnkEaLl&id=100411795638615&mibextid=Nif5oz

2. Комисијата за еднакви можности е во изработка на Стратегија за родова еднаквост во која има општа цел: родово базирано насилство. Специфична цел е „Зголемување на довербата на граѓаните во институциите во однос на родово базирано насилство”. Активности кои би биле реализирани за имплементирање на оваа специфична цел се:

- Едукативни и информативни програми за подигање на јавната свест за превенција и заштита од родово базирано насилство и секаков вид насилство врз жените и девојките
- Организирање на тренинзи за самоодбрана на жените и девојките
- Кампања за зголемување на видливоста на услугите на Советувалишниот центар за жртви на семејно насилство во општината
- Анализа на состојбата и обезбедување одржливи услуги за помош и поддршка на жени жртви на родово базирано семејно насилство преку прибирање на податоци од ЦСР, МВР и НВО.
- Анкетирање за потребата од отворање на Шелтер центар за жртви од родово базирано насилство
- Отворање на шелтер центар за жртви од родово базирано насилство

3. Општина Кавадарци беше апликант, а Црвен Крст Кавадарци е коапликант на Јавниот повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на проектот за подобрување на социјалните услуги со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој .

Давател на услугата е Црвен Крст Кавадарци а социјалната услуга која ја нудат е помош и нега во домот

Грантот беше одобрен во висина од 12.096.000 денари за 12 месеци за 2023 година.

Услугата која ја спроведува Црвен Крст -помош и нега во домот обезбедува помош во вршење на основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе со цел да продолжат да водат независен живот во заедницата.

Преку обезбедување на оваа услуга се исполнува главната цел на програмата, а тоа е создавање на социјално-одговорна заедница и подобрување на животот. Провајдерот Црвен Крст ја воспостави услугата и доби дозвола за работа (лиценца) согласно Законот.

4. Здружението за родова еднаквост Визија е здружение кое спроведува активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство. Во 2022 година здружението за родова еднаквост во соработка со Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство и општините Неготино, Росоман и Демир Капија отворија советувалишен центар за жртви за семејно насилство. За воспоставување на советувалишен центар од буџетот на општина Кавадарци се исплатени:

2022 година- 73.000 денари резултати: 30 жени побарале помош и воспоставување на повеќе услуги за жртви на семејно насилство како што се: бесплатна правна помош за жртви на насилство, психолошко советување и психотерапија, поддршка и упатување до институции, кариерно советување и менторска поддршка при економско јакнење.

2023 година- 50.000 денари резултати: вкупно 54 жени побарале помош.